enter for efugees and C R F M S
orced igration tudies

# Збирка на прописи од областа на бегалското право и азилот



**Главен Уредник**
Д-р Панде Лазаревски

**Рецензент**
Тихомир Николовски

**Јазична редакција на англискиот јазик**
Нидхи Трехан

**Издавач:**
Центар за бегалци и присилни миграции
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Бул. Партизански Одреди бб, 1000 Скопје, Македонија
тел/факс ++ 389 2 390 447
П.Фах 435,
www.crfms.org.mk

CIP – Каталогизација во публикација
Народна и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски",
Скопје

341.231.14-054.73 (094.9)
341.231.14-054.73 (497.7) (094.9)
341.43 (094.9)

Збирка на прописи од обласа на бегалското право и азилот/ подготвено од Гордана Величковска. – Скопје: Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Центар за бегалци и присилни миграции, 2003. – 351.310? стр.; 21см

Насл. стр. на припечатениот текст: Refugee & asylum law reader / prepared by Gordana Velichkovska. – Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. – Библиографија: стр 348. – Содржина: - Додатоци

ИСБН 9989-633-26-6
1. Величковска, Гордана – I. Велицхковска, Гордана види Величковска Гордана
а) Бегалско право – Прописи б) Бегалско право – Македонија – Прописи
в) Право на азил - Прописи
COBISS.MK – ID 52239882

**Помогнато од:**
Високиот комесар за бегалци при Обединетите нации

© 2002 Центар за бегалци и присилни миграции.

**Помогнато од:**

UNHCR
The UN Refugee Agency

# СОДРЖИНА

**Предговор**

## ГЛАВА I: АЗИЛ

**Вовед** 3

**Декларација на државите договорнички** (повторно потврдувајќи ги начелата од Конвенцијата за бегалци од 1951 и заложбите на државите потписнички на Конвенцијата за бегалци од 1951)

## ОПШТИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЗАШТИТА И МАКЕДОНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО

### А. Основна рамка

**1.1. Универзална декларација за човековите права** 19

**1.2. Конвенција за статусот на бегалците** 21

**1.3. Европска конвенција за човекови права** 30

**1.4. Конвенција против мачењето и другите свирепи, нехумани или понижувачки казни или постапки** 34

**1.5. Устав на Република Македонија** 35

**1.6. Согодба за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји-членки** 39

### Б. Статус на бегалец

**1.7. Закон за движење и престој на странци** 47

## В. Постапки


**Предговор** 59

**1.8.** Правилник за начинот на издавање патни исправи и други исправи и визи на странци и за обрасците на тие патни исправи и визи 60

**1.9.** Закон за општа управна постапка 65

**1.10.** Закон за управни спорови 81

**1.11.** Закон за Владата на Република Македонија; Деловник за работа на Владата на Република Македонија 87

**1.12.** Резолуција на Советот на ЕУ за минималните гаранции за постапката за азил 91

**1.13.** Заклучоци на Извршниот комитет (ИзвКом) на УНХЦР 101

**1.14.** Директива на Советот на ЕУ за утврдување на минимални стандарди за прием на баратели на азил во државите договорнички 108

**1.15.** Директива на Советот на ЕУ за минималните стандарди за постапките во државите-договорнички за доделување и одземање статус на бегалец (конечен предлог јуни 2002) 132

**1.16.** Европска конвенција за екстрадиција и протоколи 176

## Г. Инструменти поврзани со привремената заштита

1.17. Директива на Советот за минимални стандарди при давање привремена заштита во случај на масовен прилив на раселени лица и за мерките кои ја унапредуваа рамнотежата на напорите помеѓу државите договорнички при примањето такви лица и сносењето последици 185

1.18. Владини одлуки за привремена заштита 215

# ГЛАВА II: ДРЖАВЈАНСТВО И БЕЗДРЖАВЈАНСТВО

2.1. Конвенција за статусот на лицата без државјанство 225

2.2. Конвенција за намалување на бездржавјанството 231

2.3. Европска конвенција за државјанство 237

2.4. Закон за државјанство 244

2.5. Закон за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните 250

2.6. Закон за лично име 255

2.7. Закон за лична карта 257

2.8. Закон за социјална заштита 260

# ГЛАВА III: РЕЛЕВАНТНИ ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЗАШТИТА НА ВРЛ (Внатрешно раселени лица)

3.1. Рамковен договор 267

3.2. Раководни начела за внатрешно раселување 271

# ГЛАВА IV: СУДСТВО

4.1. Министерство за внатрешни работи [решенија] 291

4.2. Апелациона комисија [решенија] 295

4.3. Македонски врховен суд [пресуди] 299

4.4. Европски суд за човекови права 306

# ГЛАВА V: СТАНДАРДИ ЗА ПРИЕМ И ИНТЕГРАЦИЈА

5.1. Закон за матична евиденција 316

5.2. Закон за здравствено осигурување 320

5.3. Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност 324

5.4. Закон за основно образование 327

5.5. Закон за средно образование 331

# Додатоци

1. Договори кои се однесуваат на бегалците ратификувани од Република Македонија (ООН и Совет на Европа) 341

2. Барање за признавање на статус на бегалец во Република Македонија 355

3. Брошури од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија 367

4. Вебсајтови 377

5. Библиографија 381

*Почитувани читатели,*

Издавањето на Збирката на прописи од областа на бегалското право и азилот е одговор на потребата за запознавање со бегалското право и објаснување на неговото значење. Ова е прва збирка од овој вид во Република Македонија и е резултат на стратешката определба на ЦБПМ да создаде корисни алатки за сите вклучени во заштитата и помошта на бегалците, како и за научниците кои вршат истражување во областа на бегалците. Се надеваме дека ова издание ќе служи како потик за дискусија и работа во насока на унапредување на развојниот процес на системот за азил. Ова се значајни прашања кои заслужуваат, дури и бараат, размислување и внимание.

Во име на ЦБПМ, би сакал да ја искажам мојата благодарност до сите оние кои придонесоа при реализацијата на овој документ. Најпрво би сакал да и се заблагодарам на г-ца Гордана Величковска, Менаџер на истражувачки активности-ЦБПМ, за нејзината посветена работа во процесот на подготовка на Збирката. Нејзината енергија и труд вложен при собирањето на материјалите, подготовка на коментарите како и координација на активностите беше од огромно значење за реализација на овој потфат.

Издавањето на оваа книга не би било возможно без вредната соработка, подршка и стручни совети на Одделението за правна заштита , УНХЦР-Скопје, г-дин Христос Теодоропулос, заменик претставник на канцеларијата (правна заштита), УНХЦР-Скопје и г-ѓа Каролин Спанут Верма, офицер за правна заштита, УНХЦР-Скопје. Нашата најголема благодарност ја упатуваме до г-дин Тихомир Николовски, асистент за правна заштита, УНХЦР-Скопје, за неговата неизмерна помош, стручни совети, материјали за збирката и за постојаната подршка и охрабрување.

Посебно би сакале да ја изразиме нашата благодарност до следниве личности и институции, за нивната непосредна и активна вклученост во подготовката на различни делови од збирката: г-дин Благоја Стојковски, раководител на Оделението за азил и миграции, Министерство за внатерешни работи на Република Македонија, д-р Фиданчо Стоев, судија на Врховниот суд на Република Македонија, во пензија и Информативен центар за граѓанско општество, а посебно

на нивниот правник г-дин Зоран Гаврилоски. Г-ца Нидхи Трехан, поранешен Менаџер на истражувачки активности-ЦБПМ, кандидат за д-р на Оделот за социологија, Лондонската школа за економија и политички науки, даде особена помош во структуирање на Збирката во нејзината рана фаза, и учествуваше во едитирањето на целиот текст.

Би сакале да ја упатиме нашата благодарност и до г-ца Марина Ковачич и г-дин Јован Ананиев, за стручниот придонес во некои фази подготовката на Збирката. Исто така би сакале да му се заблагодариме на г-дин Александар Шумковски, академски координатор-ЦБПМ, за неговата поддршка.

Посебна благодарност за помошта при техничката подготовка на оваа Збирка на прописи од областа на багалското право и азилот до г-ца Невенка Шишковска, г-ца Христина Ивановска и г-ѓа Снежана Соколова, менаџерскиот тим на ЦБПМ, како и до г-дин Џавит Бериша, г-дин Дритон Каранфили, г-дин Ферки Демири, стажанти во ЦБПМ.

Со почит,

*Проф. д-р. Панде Лазаревски*
*Директор на ЦБПМ и ИСППИ*

# ПРЕДГОВОР

Концептот на човековите права и слободи е концепт на и за човекот. Не за граѓанинот, не за не за лице кое има регулиран статус, кое е признаено од конкретна држава и кое е во релација со таа држава. Базичните права на човекот кои го дефинираат неговото место на моменталното ниво од развојот на цивилизацијата, излегуваат надвор од границите на една држава и нејзиниот правен систем. Базичните човекови права дефинирани во меѓународните акти му припаѓаат на секое човечко суштество, секаде и во секоја ситуација.

Бегалците не се “нелуѓе“, не се лица надвор од правото и не се луѓе кои се казнети со губење на базичните права и слободи на човекот. Тие претставуваат посебно чувствителна група на луѓе кои не по своја вина се нашле на маргините на животната егзистенција, не по своја вина се искорнати од тлото на сопственото постоење и не по своја вина се препуштени на милоста или немилоста на некоја држава, власт и луѓе.

Меѓународните акти, националното законодавство, праксата и делувањето на државните и недржавните структури на конкретната држава и на меѓународните организации, претставуваат само рамка, облик на манифестирање на хуманоста и на способноста современата цивилизација да го практикува концептот за човековите права и слободи.

Меѓународните акти и националното законодавство не можат да ја вратат првобитната состојба, најчесто не можат да обезбедат ни приближно елиминирање на последиците од големите човечки катастрофи кои резултираат во поединечни или во масовни напуштања на териториите на живеењето и посебно не можат да обезбедат ни минимум заштита во услови на големи бегалски кризи.

Она што сигурно можат да го сторат и меѓународните акти и националните закони, тоа е елементарното ниво на сигурност и на верба дека и во услови на потполна депривација од остварувањето на сите права во сопствената држава и во услови на бездомност во буквалната смисла на зборот, луѓето не ги губат базичните права и

слободи гарантирани на ниво, не на народ или нација, туку на ниво на цивилизација.

Не е премногу тешко одредени стандарди на посакуваното однесување да се сумираат во меѓународен акт или во национален закон, уште полесно е ваков акт да се потпише или да се донесе во вид на закон, меѓутоа практиката подразбира познавање на регулативата, постојано повикување на неа, потсетување на државата на нејзините обврски и искористување на сите расположиви механизми за остварување на прифатеното.

Првиот чекор кон примената на легислативата е нејзиното познавање и нејзината достапност. Затоа овој збир од текстови го претставува токму тој прв чекор. И за поединецот и за државата и за секоја институција или организација која ќе се вклучи во било кој сегмент од проблематиката поврзана со бегалците.

*Проф. д-р. Мирјана Најчевска*